Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 174/0306
09.04 20 21 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 31 март 2021 година, врз основа на примена жалба од Јелмаз Дервиши, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

**Интернет – порталот „Попара.мк“ со текстот насловен „Без македонското, но со боите на бугарското знаме, Гарванлиев ќе оди на Евровизија“ не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 18 март 2021 година, Јелмаз Дервиши, во име на тимот за односи со јавност на годинешниот македонски претставник на Евросонг 2021, Васил Гарванлиев,  поднесе жалба за текстот со наслов „Без македонското, но со боите на бугарското знаме, Гарванлиев ќе оди на Евровизија“,  објавен на 12 март 2021 година, на интернет – порталот „Попара.мк“ (www.popara.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, незастапена втора страна, дискриминација и мешање на факти и мислење, вест и коментар, односно дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 10 и 13.

Подносителот на жалбата вели дека медиумот не обезбедил јавен став од вклучените чинители и оти не е извршена соодветна проверка на изворот на информациите и фактите.

Од тимот на Гарванлиев, меѓу другото, посочуваат дека со ваков тип на спорни содржини се нарушува личниот интегритет, имиџ и творештво на Гарванлиев, како и на неговото семејство. Поради горенаведеното, подносителот на претставката Јелмаз Дервиши бара повлекување на спорната содржина и јавно извинување, за како што потенцира, пристрасното и непрофесионално известување во врска со делото и учеството на Васил Гарванлиев на Евросонг 2021.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Попара.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

Комисијата во оспорениот текст не констатираше неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, незастапена втора страна, дискриминација и мешање на факти и мислење, вест и коментар, ниту прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија во членовите 1, 10 и 13, на кои упатува жалителот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за коментар, новинарски жанр којшто сам по себе дозволува ослободен израз, преку кој авторот може да ги искаже своите ставови и вредносни судови и до степен на претерување, ако тоа, како во случајов, не ги надминува границите на слобода на изразување. Се работи за текст објавен на медиум од претежно забавен карактер, а кој е преземен од друг интернет – портал и уредно цитиран на крајот од содржината.

Во рамките на текстот се објавени две фотографии, на кои е прикажан македонскиот претставник на Евросонг 2021, Васил Гарванлиев. Авторот прави кус осврт на евровизискиот видео спот, кој предизвика зголемени реакции во јавноста и оправдано е предмет на новинарска опсервација. Насловот е провокативен, но има преносно значење во контекст на содржината. Иако текстот можел да биде подобро и повнимателно обликуван, Комисијата не најде доволно елементи дека новинарскиот производ излегува од рамките на етичкото и професионално известување.

Став на Комисијата е дека самиот текст произлегува од јавниот интерес и дека јавните личности, во случајов, македонскиот претставник на Евросонг, не смеат да бидат изземени од прашања за кои јавноста има право да биде информирана. Јавните личности треба да го прифатат фактот дека се, особено преку медиумите, подложни на постојан јавен надзор и потенцијално силна јавна критика за нивната работа. Се работи за официјален претставник на држава на меѓународна манифестација и затоа тој треба да биде свесен дека границите на прифатлива критика се пошироки во однос на него, исто како и степенот на толеранција кој треба да го покаже во однос на евентуалните јавни критики.

Оттука, Комисијата најде дека оспорениот текст на „Попара.мк“ не излегува од начелата на Кодексот на новинарите, пред сѐ, поради фактот дека се работи за коментар, кој дозволува поостар критички израз и не подлежи под стандардните новинарски правила, како на пример, правилото за „втора страна“.

Став на Комисијата е дека слободата на говор е неприкосновена сѐ додека не ги надминува границите на слобода на изразување и не содржи непримерен и навредлив јазик и елементи на дискриминација и говор на омраза.

На крајот, Комисијата констатираше дека авторот на оспорениот текст не е потпишан на содржината и, во оваа прилика, ги повикува медиумите секогаш да настојуваат да ги авторизираат и рубрицираат содржините.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува интернет – порталот „Попара.мк“ (www.popara.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595